**Давател на гаранција:**

**Robert Bosch d.o.o.**
**Omladinskih brigada 90E**
**Novi Beograd**
**www.bosch-homecomfort.com/rs**

# *РЕШАВАЊЕ ПРОБЛЕМ НА ПРОЧИСТУВАЧИ ЗА ВОЗДУХ BOSCH*

Во случај на појава на проблем во рамките на гарантниот рок, давателот на гаранцијата ќе му ја отстрани истата на купувачот со замена на комплетниот производ во просториите на продавачот каде што уредот е купен.

Пред да го однесете неисправниот уред кај продавачот, проверете ги општите услови на гаранцијата наведени во гарантниот лист. Со цел да се намали губењето време и создавање непријатност за купувачот кога несkладноста е последица на неправилно користење на уредот, пред да одите кај продавачот, во долната табела проверете дали забележаниот проблем е можно да се отстрани преку примена на некои од предложените решенија.

За сите дополнителни прашања, слободно контактирајте на info@aparatiko.mk

| **ПРОБЛЕМ** | **ПРИЧИНА** | **РЕШЕНИЕ** |
|---|---|---|
| Уредот не може да се вклучи, ниту реагира на притискање на копчето на автоматиката. | Електрично напојување. | • Вклучете го уредот во струја.<br>• Проверете дали е оштетен кабелот за напојување. Ако е оштетен, веднаш прекинете да го користите уредот и контактирајте со продавачот.<br>• Обидете се да го вклучите уредот во друг штекер во просторијата. |
| Не можам да ги активирам функциите на уредот. | Уредот е во режим на мирување. | Ако уредот е вклучен во струја, но не е притиснато копчето за вклучување, уредот ќе биде во режим на мирување.<br>Едноставно притиснете го копчето за вклучување за да го вклучите уредот |
| Дали можам да го поврзам уредот на WiFi? | WiFi | Не, овој уред не може да се поврзе на WiFi. |
| Можам ли јас да го исчистам филтерот на уредот? | Инфо | Следете ја постапката за чистење и упатствата од прирачникот за користење за да ја исчистите површината на филтерот со влажна крпа или правосмукалка. Кога на екранот на уредот ќе се појави предупредување за замена на филтерот, заменете го. Филтерот никако не смее да се мие во вода. |

| | | |
|---|---|---|
| Уредот не работи како што треба | Филтерот е извалкан или затнат. | Предупредувањето за замена на филтерот е активно на екранот, но вие сè уште не сте го замениле филтерот. Како резултат на тоа, уредот повеќе не го прочистува воздухот ефикасно како што можел. Затоа заменете го филтерот и притиснете долго на копчето филтер за ресетирање на бројачот на работниот век на филтерот. |
| Протокот на воздух којшто излегува од уредот е забележително послаб од порано | Филтерот е извалкан или затнат. | Површината на филтерот е извалкана. Исчистете ја површината на филтерот (видете упатства во прирачникот за користење). |
| | Мала брзина на вентилаторот | • Кликнете на иконата на вентилаторот за да ја промените брзината на вентилаторот;<br>• Квалитетот на воздухот е добар, а вентилаторот работи во автоматски режим, уредот сам го одредува излезниот проток на воздухот. |
| Квалитетот на воздухот не се подобрува иако уредот работи веќе подолго време | Филтерот е извалкан или затнат. | • Проверете дали сте го отстраниле пластичното пакување во кое се испорачува оригиналниот филтер<br>• Филтерот не е ставен во уредот. Проверете дали филтерот е правилно монтиран во уредот.<br>• Филтерот го достигнал својот работен век. Заменете го со нов.<br>• Филтерот е затнат и потребно е одржување, видете во прирачникот за користење како да го исчистите со влажна крпа или правосмукалка. |
| | Извалкан/затнат сензор | • Сензорот за честички е влажен. Влажноста во просторијата е преголема и тоа предизвикува кондензација. Проверете дали сензорот за честички е сув и чист (видете го делот во прирачникот за користење „Чистење и одржување“'). |

| | | |
|---|---|---|
| | Услови во просторија | • Просторијата во која го користите уредот е поголема од максималната површина/зафатнина во којашто овој уред може да работи ефикасно. Проверете дали површината на просторијата не ја надминува максималната големина којашто е назначена за моделот на уредот. Во овој случај, зголемете ја брзината на вентилаторот на максимум за да го подобрите квалитетот на воздухот. Имајте предвид дека уредот ќе има проблем да излезе на крај со целата зафатнина на воздухот бидејќи не е димензиониран за таа зафатнина.<br>• Ако прозорците се отворени и однадвор сѐ уште влегува загаден воздух, уредот можеби нема да може да го подобри квалитетот на воздухот. Квалитетот на надворешниот воздух е лош. За оптимален учинок на прочистување, затворете ги вратата и прозорците кога го користите прочистувачот на воздух.<br>• Во затворен простор постојат извори на загадување, на пример, пушење, готвење, дифузери на темјан |

| | | |
|---|---|---|
| | | или масла, алкохол или присуство на куќни миленици. При додавање нов мебел во просторијата, на квалитетот на воздухот можат да влијаат гасови и честички кои се емитираат. Ова би требало да исчезне постепено во рок од неколку недели. Алтернатнивно, можеби имате освежувачи кои работата близу до уредот, во овој случај, сензорот открива големи честички вода во воздухот. |
| Бојата на индикаторот за чистота на воздухот не се менува. | Извалкан/затнат сензор | Сензорот за честички е извалкан. Исчистете го сензорот за честички. |
| Уредот произведува чуден мирис | Нов филтер/користен филтер | Првите неколку пати кога го користите уредот, тој може да емитира мирис на пластика. Тоа е нормално. Филтерот може да произведе мирис после долго користење поради апсорпција на гасови во затворен простор. Се препорачува повторно да го активирате филтерот така што ќе го ставите на директна сончева светлина за повторна употреба. Ако мирисот постои и понатаму, заменете го филтерот. |
| | Опкружување | Проверете да не го користите уредот во области со голема влажност или додека распрскувате етерични масла. |
| | Дефект | Ако уредот произведува мирис на изгорена пластика дури и откако ќе го отстраните филтерот, веднаш исклучете го уредот и јавете се кај продавачот. |
| Уредот има голема бучава во текот на работењето | Уредо работи со голема брзина | • Нормално е уредот да има поголема бучава ако работи со максимална брзина во рачен режим.<br>• Во автоматски режим, ако уредот има преголема бучава, можно е работи со голема брзина  бидејќи квалитетот на воздухот е лош. Може да изберете режим спиење или помала брзина во рачен режим. |

| | | |
|---|---|---|
| | Внатре во уредот има надворешни предмети/скршени делови | • Ако нешто падне во отворот за воздух, тоа исто така може да предизвика многу гласен звук. Веднаш исклучете го уредот и свртете го наопаку за да ги исфрлите од него надворешните предмети.<br>• Доколку уредот е многу гласен и сте провериле сè од погоре напишаното, јавете се кај продавачот. |
| Уредот и понатаму покажува дека треба да го заменам филтерот, но јас веќе го сторив тоа. | Ресетирајте го бројачот на работниот век на филтерот | Ресетирајте го бројачот на работниот век на филтерот со долго притискање на копчето на филтерот во траење од најмалку 3 секунди. |
| Уредот не бара да го променам филтерот, ниту да извршам операција на одржување | Нема честа употреба/употреби во ситуации на добар квалитет на воздух | Уредот ве потсетува да го проверите филтерот во зависност од тоа колку е користен уредот, како и други фактори како што е квалитетот на воздухот во просторијата во којашто се користи. Ако не го користите уредот често, ќе биде потребно повеќе време да се вклучи предупредувањето. |
| Колку треба/може да работи уредот? | Инфо | Општо, уредот ќе биде најефикасен кога вратата и прозорците се затворени. Се препорачува да го вклучите уредот додека сте дома, со што ќе помогнете во чистење на воздухот. Уредот можете да го користите 24 часа дневно. |
| Како да нарачам нов филтер? | Дистрибуција/продажба | Бројот за нарачка на филтерот го има на пакувањето на уредот. За купување на филтерот, контактирајте со продавачот. |
| Ја немам документацијата во пакувањето/го изгубив прирачникот за користење на уредот. | Грешка во пакувањето на производот или изгубена документација. | Посетете ја веб страната www.aparatiko.mk и на истата може да го добиете документот. |